*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

**ПУБЛИКАЦИЈА бр. 8**
**Мај – Јуни 2007**

# ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***

**1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар изминатиот период**

- **1.1 Движења на примарниот пазар на ДХВ во Р. Македонија**
- **1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Р. Македонија**
- **1.3 Кредитен рејтинг од Standard & Poor's**

**2 Пазар на државни хартии од вредност**

- **2.1 Примарен пазар**
- **2.2 Секундарен пазар**
  - **2.2.1 Македонска берза**
  - **2.2.2 Пазар преку шалтер**

**3 Календар на аукции за трети и четврти квартал во 2007 година**

**4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)**

**5 Контакти**

***Јули, 2007***

www.finance.gov.mk

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## *1.1 Движења на примарниот пазар на ДХВ во Р. Македонија*

Каматните стапки на државни хартии од вредност (ДХВ) кај сите рочности бележат намалување во текот на месеците мај и јуни во однос на претходните.

Така, кај 3-месечните ДХВ, пондерираната каматна стапка на првата аукција во месец мај изнесуваше 6,21%, следи нејзин пад на 6,11%. Овој тренд продолжува и во текот на наредниот месец и од 5,44% на првата аукција во месец јуни го достигне нивото од 5,38% на последната аукција истиот месец. Додека пак, пондерираната каматната стапка на 6-месечните ДХВ, во месец мај изнесуваше 6,64% и на аукцијата одржана во месец јуни забележа опаѓање и го достигна нивото од 5,49%.

Забележано е значително намалување и кај каматната стапка на 12-месечните ДХВ при што на аукцијата во месец јуни е постигната каматна стапка од 5,81%, споредено со последната аукција одржана во месец март кога истата изнесуваше 8,37%. Исто така, каматната стапка на 2-годишната ДО во месец мај достигна ниво од 5,73% односно е забележан пад во однос на аукцијата во месец февруари 2007 година, кога истата изнесуваше 8,87%.

Доколку се направи споредбена анализа на движењата на каматните стапки на ДХВ во 2007 во однос на 2006 година истите покажуваат тренд на намалување. Илустративно, пондерираната каматна стапка на 3-месечните државни записи постигната на аукциите во месец јуни 2006 година изнесуваше 6,54%, додека пак истата на аукциите во јуни 2007 година се намали за околу 1,13 процентни поени и изнесуваше 5,41%. Кај 6-месечните државни записи пондерираната каматната стапка во месец јуни 2006 го достигна нивото од 6,92% и со перманентно намалување во текот на годината, во месец јуни 2007 достигна до нивото од 5,49%. Трендот на движење на каматните стапки е идентичен и кај останатите ДХВ.

На првата аукција на 3-месечните ДХВ во месец мај беше понуден износ од 1.300.000.000 денари, а побарувачката изнесуваше 1.627.000.000 денари, додека пак на последната аукција во месец мај кај 3-месечните ДХВ беше понуден износ од 1.150.000.000 денари, а побарувачка го достигна нивото од 1.533.840.000 денари. Кај 6-месечните ДХВ во мај е понуден износ од 450.000.000 денари, додека побарувачката која се оствари беше за 234.100.000 денари поголема од понудата и истата изнесуваше 684.100.000 денари. На аукцијата на 2-годишната ДО беше понуден износ од 100.000.000 денари, а се постигна побарувачка од 15.000.000 денари.

Во месец јуни на првата аукција на 3-месечните ДХВ беше понуден износ од

1.800.000.000 денари, а беше остварена поголема побарувачка која изнесуваше 2.068.220.000 денари, а на последната аукција беа понудени 1.900.000.000 денари, додека пак се оствари побарувачка од 2.173.400.000 денари. Кај 6-месечните ДХВ во јуни беа понудени 200.000.000 денари, а се постигна поголема побарувачка за 317.000.000 денари и истата извесуваше 517.000.000 денари. И на одржаната аукцијата на 12-месечните ДХВ во јуни беше понуден износ од 200.000.000 денари, а се оставри побарувачка од 184.000.000 денари.

Министерството за финансии поради технички причини ја откажа аукцијата на 3-годишната ДО (DO 2007/04-0610), која што согласно Календарот за емисија на ДХВ требаше да се одржи на 21.06.2007 година.

### *1.2 <u>Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Р. Македонија</u>*

На пазарот преку шалтер во месец мај остварени се вкупно 14 трансакции кај ДЗ, при што е истргуван вкупен номинален износ од 378.760.000 денари со просечна цена од 98,6228 и просечен принос до достасување од 6,20%. Во месец јуни кај ДЗ вкупно е тргувано со 61.000.000 денари преку 2 трансакции со просечна цена од 99,2132 а просечниот принос до достасување изнесува 5,35%. Додека пак, кај ДО во месец мај остварени се 6 трансакции во вкупен номинален износ од 38.770.000 денари, со просечна цена од 99,460 и просечен принос до достасување од 8,087%. Во месец јуни на пазарот преку шалтер забележани се 6 трансакции со ДО во вкупен износ од 135.140.000 денари, постигнатата просечна цена на истите изнесува 98,879 а просечениот принос до достасување изнесува 7,942%.

Може да се забележи дека кај ДЗ тргувано е со поголем износ и поголем број на трансакции во месец мај, а просечната цена е помала додека пак, просечниот принос до достасување бележи пораст во мај споредено со јуни за 0,85 процентни поени. Додека пак, кај ДО во месец мај е остварен помал номинален износ на тргување, а постигната е поголема просечна цена и поголем просечен принос до доспевање, во однос на месец јуни. Бројот на трансакции кај ДО останува непроменет во овој период.

На Македонската берза во месец мај се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 2.550.109 ЕУР, а вкупниот промет на тргување со структурните обврзници изнесува 2.041.086 ЕУР или 124.859.591 денари. Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредност) на хартијата од вредност. Просечниот принос до достасување го достигнува нивото од 8,86% во месец мај. Вкупниот обем на тргување на Македонската берза со структурни обврзници во месец јуни изнесуваше 2.956.752 ЕУР, а вкупниот промет на структурните обврзници изнесува 2.389.973 ЕУР или 146.208.836 денари. Просечниот принос до достасување забелеѓува ниво од 7,92%. Може да се согледа

дека во месец јуни е остварен поголем обем на тргување за 406.643 ЕУР и поголем промет за 348.887 ЕУР. Додека пак, приносот до достасување во месец јуни е помал за 0,94 процентни поени споредено со истиот во месец мај. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај обврзниците изнесува 10,33% во месец мај, а во јуни забележа мал пад и го достигна нивото од 10,30%.

### *1.3 Кредитен рејтинг од Standard & Poor's*

На 29 мај 2007 година, агенцијата за кредитен рејтинг Standard & Poor's го потврди доделениот кредитен рејтинг на земјата "ББ +" со стабилен изглед за странска валута и "БББ -" со стабилен изглед за домашна валута, поддржан со подобрувањето на политичката стабилност, континуитетот во спроведување на реформите, економскиот раст, прудентната фискална политика и намалувањето на јавниот долг.

Имено, на 29.05.2007 година кредитната рејтинг агенција Standard & Poor's го потврди доделениот кредитен рејтинг на земјата и тоа во четирите категории:

- Кредитен рејтинг за странска валута (долгорочен/ изглед/ краткорочен) ББ+/Стабилен/Б
- Кредитен рејтинг за домашна валута (долгорочен/ изглед/ краткорочен) БББ-/Стабилен/А-3
- Кредитен рејтинг за негарантиран долг во странска валута ББ+
- Кредитен рејтинг за негарантиран долг во домашна валута БББ

Стабилниот изглед ги рефлектира позитивните чекори кои ги превзема Владата на Република Македонија на полето на регулаторната гилотина, континуираната имплементација на Рамковниот договор, како и со продолжување на реформите за приближување до Европската Унија. Исто така, стабилниот изглед е базиран на очекувањата дека нема да има нарушувања на политичката стабилност на државата. Согласно горенаведените заклучоци, рејтинг агенцијата очекува континуитет во реформите и макроекономската политика што во наредниот период би резултирало во подобрување на рејтингот и класифицирање на Република Македонија во групата земји со инвестиционен рејтинг (рејтинг БББ - и погоре).

Редовното годишно ревидирање на добиената оценка за кредитниот рејтинг на државата е базирано на информациите кои претставниците на Standard & Poor's ги добија во периодот од 24 април до 26 април 2007 година, кога престојуваа во Република Македонија. Во текот на посетата, претставниците од кредитната агенција остварија повеќе средби со домашни и странски институции, а на средбите со институциите од Република Македонија беа разгледани повеќе теми, како што се

макроекономските движења и очекувања, јавните финансии и фискалната политика, монетарниот и финансискиот систем, како и политичките случувања и односите со странство.

На 12.06.2007 година, дојде до подобрување на една од компонентите на доделениот кредитен рејтинг од страна на кредитната рејтинг агенција Standard & Poor's. Министерството за финансии беше информирано од Standard & Poor's дека како резултат на новововедениот метод наречен обнова на кредитен рејтинг (credit raiting recovery), во сегментот на способноста на земјите да го сервисираат негарантираниот долг во странска валута, го унапреди кредитниот рејтинг на Република Македонија во оваа категорија во инвестиционен рејтинг (БББ-). Новата подобрена категорија сега е:

- Кредитен рејтинг за долгорочен негарантиран долг во странска валута БББ-

Со ова подобрување Република Македонија има вкупно три од четирите категории оценети со инвестиционен рејтинг.

# 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 2.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ мај 2007 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 2 години |
| | DZ2007/09-91 | DZ2007/10-91 | DZ2007/05-182 | DO2007/03-0609 |
| ISIN код | MKMINFDZ7090 | MKMINFDZ7108 | MKMINFDS7057 | MKMINF20G077 |
| Денови на достасување | 91 | 91 | 182 | 2 |
| Дата на аукција | 08.05.2007 | 22.05.2007 | 08.05.2007 | 31.05.2007 |
| Дата на достасување | 08.08.2007 | 22.08.2007 | 07.11.2007 | 04.06.2009 |
| Максимална каматна стапка | 6,29 | 6,20 | 6,79 | 5,750 |
| Минимална каматна стапка | 5,50 | 5,50 | 6,00 | 5,701 |
| Просечна каматна стапка | 6,21 | 6,11 | 6,64 | 5,734 |
| Просечна цена | 98,4534 | 98,4781 | 96,7522 | 99,1100 |
| Купонска каматна стапка | | | | 5,25 |
| Понуда | 1.300.000.000 | 1.150.000.000 | 450.000.000 | 100.000.000 |
| Побарувачка | 1.627.000.000 | 1.533.840.000 | 684.100.000 | 15.000.000 |
| Реализација | 1.300.000.000 | 1.150.040.000 | 450.000.000 | 15.000.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 1.300.000.000 | 1.149.940.000 | 450.000.000 | 15.000.000 |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1,25 | 1,33 | 1,52 | 1 |
| Доставени понуди | 51 | 63 | 18 | 2 |
| Прифатени понуди | 44 | 45 | 16 | 2 |

| | Резултати од аукции на ДХВ јуни 2007 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци |
| | DZ2007/11-91 | DZ2007/12-91 | DZ2007/06-182 | DZ2007/03-364 |
| ISIN код | MKMINFDZ7116 | MKMINFDZ7124 | MKMINFDS7065 | MKMINFDY7034 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 364 |
| Дата на аукција | 05.06.2007 | 19.06.2007 | 05.06.2007 | 19.06.2007 |
| Дата на достасување | 05.09.2007 | 19.09.2007 | 05.12.2007 | 18.06.2008 |
| Максимална каматна стапка | 5,84 | 5,49 | 5,49 | 5,85 |
| Минимална каматна стапка | 5,24 | 4,88 | 5,49 | 5,59 |
| Просечна каматна стапка | 5,44 | 5,38 | 5,49 | 5,81 |
| Просечна цена | 98,6430 | 98,6586 | 97,2995 | 94,4529 |
| Понуда | 1.800.000.000 | 1.900.000.000 | 200.000.000 | 200.000.000 |
| Побарувачка | 2.068.220.000 | 2.173.400.000 | 517.000.000 | 184.000.000 |
| Реализација | 1.758.220.000 | 1.900.010.000 | 200.000.000 | 174.000.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 1.758.220.000 | 1.900.010.000 | 200.000.000 | 174.000.000 |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1,18 | 1,14 | 2,59 | 1,06 |
| Доставени понуди | 54 | 53 | 23 | 10 |
| Прифатени понуди | 53 | 34 | 1 | 8 |

*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Пондерирани каматни стапки постигнати на аукциите на ДХВ




*Извор: Министерство за финансии*

## Побарувачка и реализација на ДХВ на аукциите јуни 2006 - јуни 2007




*Извор: Министерство за финансии*

www.finance.gov.mk

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг







*Извор: Министерство за финансии*







*Извор: Министерство за финансии*

## Министерство за финансии на Република Македонија
## Сектор за управување со јавен долг

### Состојба на недостасани ДХВ (без ДЗ за монетарни цели)




### Состојба на недостасани ДХВ (со ДЗ за монетарни цели)




*Извор: Министерство за финансии*

### Сопственичка структура на недостасани ДХВ, април 2007




### Сопственичка структура на недостасани ДХВ, јуни 2007




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## *Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност  на промената на каматните стапки.

| | Државни записи | | Државни обврзници | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 години | | 3 години | | | |
| **Duration*** | 30 април 2007 | 30 јуни 2007 | 30 април 2007 | 30 јуни 2007 | 30 април 2007 | 30 јуни 2007 | 30 април 2007 | 30 јуни 2007 |
| Просечно денови | 110,69 | 108,52 | 465,35 | 419,86 | 912,35 | 851,27 | 231,53 | 226,75 |
| Просечно години | 0,30 | 0,30 | 1,27 | 1,15 | 2,50 | 2,33 | 0,63 | 0,62 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

*Извор:  Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на примарен пазар




*Извор: Министерство за финансии*

## 2.2 Секундарен пазар

### 2.2.1 Македонска берза

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Мај 2007 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 86,9 | 85 | 85,1 | 31.05.07 | 232515 | 12173547 | 199003 | 9,69% |
| РМДЕН02 | 85 | 83,7 | 85 | 16.05.07 | 7468 | 384108 | 6278 | 10,92% |
| РМДЕН03 | 84 | 82,2 | 82,5 | 28.05.07 | 466968 | 23570758 | 385326 | 8,10% |
| РМДЕН04 | 80,9 | 80 | 80,7 | 28.05.07 | 845588 | 41699582 | 681697 | 8,28% |
| РМДЕН05 | 80 | 78,1 | 79 | 23.05.07 | 53518 | 2589303 | 42328 | 8,19% |
| РМДЕН06 | 77,3 | 75 | 77 | 31.05.07 | 944052 | 44442293 | 726454 | 7,95% |

| Јуни 2007 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 87 | 83,2 | 86,29 | 29.06.07 | 420559 | 22082199 | 360970 | 9,25% |
| РМДЕН02 | 84 | 83,1 | 83,3 | 29.06.07 | 52008 | 2649496 | 43312 | 7,92% |
| РМДЕН03 | 82,5 | 81,5 | 82 | 28.06.07 | 612795 | 30801473 | 503514 | 7,66% |
| РМДЕН04 | 82 | 78,5 | 79,5 | 29.06.07 | 952851 | 47015230 | 768493 | 7,88% |
| РМДЕН05 | 79 | 78 | 78,5 | 29.06.07 | 142559 | 6832968 | 111680 | 7,63% |
| РМДЕН06 | 78 | 76,9 | 77,88 | 29.06.07 | 775980 | 36827470 | 602003 | 7,17% |

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2006 И 2007 ГОДИНА**

| Странски инвеститори | Јан-06 | Фев-06 | Мар-06 | Апр-06 | Мај-06 | Јун-06 | Јул-06 | Авг-06 | Сеп-06 | Окт-06 | Ное-06 | Дек-06 | Јан-07 | Фев-07 | Мар-07 | Апр-07 | Мај-07 | Јун-07 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 11,28% | 11,48% | 11,22% | 11,65% | 11,70% | 10,44% | 10,46% | 10,51% | 10,46% | 10,72% | 10,96% | 11,24% | 11,15% | 11,05% | 10,73% | 11,14% | 10,33% | 10,30% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

Обем на тргување со државните обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

Принос до достасување на државните обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

www.finance.gov.mk

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 2.2.2 Пазар преку шалтер

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДЗ во периодот јуни 2006 - јуни 2007




*Извор: НБРМ*

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДО во периодот јан-јун 2007




*Извор: НБРМ*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар




*Извор: НБРМ*

## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ТРЕТИ И ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ ВО 2007 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| III | Јули | *DZ2007/13-92* | 10/07/07 | 11/07/07 | 10/10/07 | 91 |
| | | *DZ2007/07-182* | 10/07/07 | 11/07/07 | 09/01/08 | 182 |
| | | *DZ2007/14-91* | 24/07/07 | 25/07/07 | 24/10/07 | 91 |
| | | *DZ2007/04-364* | 24/07/07 | 25/07/07 | 23/07/08 | 364 |
| | Август | *DZ2007/15-91* | 07/08/07 | 08/08/07 | 07/11/07 | 91 |
| | | *DZ2007/08-182* | 07/08/07 | 08/08/07 | 06/02/08 | 182 |
| | | *DZ2007/16-91* | 21/08/07 | 22/08/07 | 21/11/07 | 91 |
| | | *DO2007/05-0809* | 23/08/07 | 27/08/07 | 27/08/09 | 02 |
| | Септември | *DZ2007/17-91* | 04/09/07 | 05/09/07 | 05/12/07 | 91 |
| | | *DZ2007/09-182* | 04/09/07 | 05/09/07 | 05/03/08 | 182 |
| | | *DZ2007/18-91* | 18/09/07 | 19/09/07 | 19/12/07 | 91 |
| | | *DZ2007/05-364* | 18/09/07 | 19/09/07 | 17/09/08 | 364 |
| | | *DO2007/06-0910* | 20/09/07 | 24/09/07 | 24/09/10 | 03 |
| IV | октомври | *DZ2007/19-91* | 09/10/07 | 10/10/07 | 09/01/08 | 91 |
| | | *DZ2007/10-182* | 09/10/07 | 10/10/07 | 09/04/08 | 182 |
| | | *DZ2007/20-91* | 23/10/07 | 24/10/07 | 23/01/08 | 91 |
| | | *DO2007/07-1012* | 25/10/07 | 29/10/07 | 29/10/12 | 05 |
| | ноември | *DZ2007/21-91* | 06/11/07 | 07/11/07 | 06/02/08 | 91 |
| | | *DZ2007/11-182* | 06/11/07 | 07/11/07 | 07/05/08 | 182 |
| | | *DZ2007/22-91* | 20/11/07 | 21/11/07 | 20/02/08 | 91 |
| | | *DO2007/08-1109* | 22/11/07 | 26/11/07 | 26/11/09 | 02 |
| | декември | *DZ2007/23-91* | 04/12/07 | 05/12/07 | 05/03/08 | 91 |
| | | *DZ2007/12-182* | 04/12/07 | 05/12/07 | 04/06/08 | 182 |
| | | *DZ2007/24-91* | 18/12/07 | 19/12/07 | 19/03/08 | 91 |
| | | *DZ2007/06-364* | 18/12/07 | 19/12/07 | 17/12/08 | 364 |

*Извор Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

# 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии)

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830<br>3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за 3 месечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 200 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 500 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,000 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 1,500 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,14% (мин. 1,500 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,12% (мин.7,000 ден) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,10% (мин. 12,000 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје (за 6 месечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 700 ден. фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 2,000 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,16% (мин. 2,000 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,14% (мин. 8,000 ден.) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,12% (мин. 14,000 ден.) | | |
| 3.3 | Инвестбанка АД Скопје ( државни обврзници) | | | | 10,000-50,000 ден | | 500 ден. фиксно | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | | 1,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | | 1,300 ден. фиксно | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | | 2,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | | 0,17% (мин. 2,500 ден.) | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | | 0,15% (мин. 7,500 ден.) | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | | 0,13% (мин. 15,000 ден.) | |
| 4 | Интернационална приватна банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830<br>3134-060 | 3119-191<br>3124-288 | До 200,000 ден. | 200 ден. фиксно | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| | | | | | Над 200,000 ден. | 0,10% | | |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107<br>3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Комерцијална инвестициона банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100<br>031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Македонска банка АД Скопје | Бул. ВМРО, 3-12/2 | 3117-191 | 3117-111 | До 730,000 ден. | 800 ден. фиксно | | |
| | | | | | 730,000-27,270,000 | 0,11% | | |
| | | | | | Над 27,270,000 ден. | 30,000 ден. фиксно | | |
| 9 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130<br>046/254-133 | 046/206-600<br>046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 10 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389<br>3163-054 | 3112-862<br>3163-354 | Не работи со клиенти | | | |

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 12 | Силекс банка АД Скопје | Градски ѕид, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| 13 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 14 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 15 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 16 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 17 | Македонска банка за подршка на развојот АД Скопје | Вељко Влаховиќ 26 | 3239-688 | 3114-840<br>3115-844 | Не работи со клиенти | | | |
| 18 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 19 | Т.Ц Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Раководител на сектор за управување со јавен долг | 02 3106 396 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106 293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106 381 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106 381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Дарко Блажевски | Front Office | 02 3106 171 | Darko.Blazevski@finance.gov.mk |